Претседател на
Република Северна Македонија
**КАБИНЕТ**

Бр. 04-719/10
11.07.2022

Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), член 13 став (2), член 14 став (1) и член 19 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2000, 9/2001, 41/2010 и 142/2013), член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр 01/2022 за унапредување на административен службеник во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот **Никола Ѓоргон**, по пат на интерен оглас бр 01/2022 се избира за работно место **УПР 0101Б04000 Раководител на одделение за односи и соработка со ЕУ и НАТО**, Сектор за надворешна политика - 1 извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2022 со архивски бр. 04-719/2 од 23.06.2022 година.

3. Именуваниот/та ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски бр. 05-59/2 од 07.02.2022 година, Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија упати барање со архивски бр. 04-719/1 од 23.06.2022 година за започнување на постапка за унапредување на административен службеник. Одделението за управување со човечки ресурси, објави Интерен оглас бр 01/2022 на 27.06.2022 година, на веб страницата на Претседателот на Република Северна Македонија и на веб страницата на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административен службеник,

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од страна на Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-719/7 од 06.07.2022 година, направи административна селекција и одржа интервју со уредните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Кабинетот на претседателот на Република Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за Интерен оглас бр 01/2022 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-719/8 од 08.07.2022 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју и Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2022 со архивски бр. 04-719/9 од 08.07.2022 година, врз основа на што се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Миле Бошњаковски**

Доставено до:
- именуваниот/та
- одд. човечки ресурси
- архива